ADING
состојка на секоја градба

# ФУГОФИЛ

*Водонепропусна смеса за фугирање, произведена на цементна основа.*
*Одговара на класа CG2WA според МКС EN 13888*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Се применува за исполна на фуги со широчина до 8mm, кај хоризонтални и вертикални површини поплочени со керамички, стаклени, мермерни, камени или бетонски плочки. Се користи за внатрешна и надворешна употреба, кај санитарни јазли, кујни, балкони, базени, магацини, фасадни површини, простори со подно или ѕидно греење, кај станбени, деловни и индустриски објекти.

## СВОЈСТВА

- Еднокомпонентна прашкаста смеса, едноставна за подготовка и вградување
- Прва препрека при продор на вода во конструкција
- Добра отпорност на пукање и гребење
- Водонепропусна (хидрофобна)
- Отпорна на мувла и габи
- Добра атхезија за подлогата
- Бактериолошки отпорна
- UV стабилна
- Отпорна на мрзнење
- Лесна за одржување

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | обоен прашок |
| W/M (водоматеријален фактор) | - | 0,30-0,35 |
| Отпорност на абразија | МКС EN 12808-2 | ≤ 1000 $mm^3$ |
| Јакост на затегнување при совивање | МКС EN 12808-3 | ≥ 2,5 Mpa |
| Јакост на затегнување при совивање по циклуси на мрзнење и одмрзнување | МКС EN 12808-3 | ≥ 2,5 MPa |
| Јакост на притисок | МКС EN 12808-3 | ≥ 15 MPa |
| Јакост на притисок по циклуси на мрзнење и одмрзнување | МКС EN 12808-3 | ≥ 15 MPa |
| Собирање | МКС EN 12808-4 | ≤ 3 mm/m |
| Апсорпција на вода по 30 min | МКС EN 12808-5 | ≤ 2 g |
| Апсорпција на вода по 240 min | МКС EN 12808-5 | ≤ 5 g |
| Отворено време за работа | - | 60 min |
| Почеток на врзување | EN 196-3 | 3-5 h |
| Крај на врзување | EN 196-3 | 4-6 h |
| Време за обработка | - | 60 min |
| Употреба за лесен транспорт (одење) | - | по 24 h |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Површината на фугирање треба да биде здрава, чиста, обезмастена и обезпрашена. Изведбата на поплочувањето треба да биде со лепило, нанесено со назабена глетарка, по целата површина за поплочување. Фугите треба да бидат чисти, обезпрашени и отворени во длабочина од најмалку 3mm. Пред нанесување на смесата за фугирање, подлогата треба да се попрска со вода.

ГРАДЕЖНИ ЛЕПИЛА



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

**ВГРАДУВАЊЕ**

Вградувањето на смесата за фугирање може да се изведе по 24-48h од вградувањето на плочките. Подготовката на смесата со вода (300-350 ml вода за 1kg материјал) по што смесата машински се меша по целосно воедначување. По замешувањето, смесата треба да одлежи најмалку 10min, а непосредно пред вградувањето треба повторно да се промеша. Подготвениот материјал се нанесува со гумена глетарка по површината, до исполнување на фугите. Кога нанесената смеса ќе почне да врзува, невградениот материјал се отстранува до поплочената површина со крпа или сунѓер. По вградувањето фугата не треба да се изложува на вода, влага, снег, мраз и сонце во период од 12h. Температурата на воздухот и подлогата треба да се движи помеѓу 5-35°C.

## ПОТРОШУВАЧКА

Потрошувачката на материјал зависи од големината на плочките и димензиите на фугата.
Волуменска маса 1,7g/cm$^3$.

| Димензии на плочки (cm) | Ширина на фуга (cm) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2 mm | 3 mm | 5mm | 8 mm |
| 2 x 2 x 0,3 | 0,70 | 0,80 | - | - |
| 10 x 10 x 0,6 | 0,42 | 0,65 | 1,00 | 1,65 |
| 15 x 15 x 0,7 | 0,30 | 0,50 | 0,85 | 1,40 |
| 20 x 20 x 0,7 | 0,37 | 0,40 | 0,65 | 1,05 |
| 30 x 30 x 0,8 | 0,20 | 0,25 | 0,45 | 0,70 |

## ОДРЖУВАЊЕ

Одржувањето на фугираната површина е со вода и благи детергенти. Не се препорачува миење на фугираната површина со вода под притисок.

## СТАНДАРДНИ БОИ

Розе, крем, беж, песок, чоколадно кафена, какао, пастелна зелена, зелена, темно зелена, светло зелена, сива, менхетен сива, темно сива, графит, бебешко сина, гулаб сина, бела, слонова коска, црвена, жолта, окер.

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употреба.

## ПАКУВАЊЕ

Пакување од 2, 5 и 20 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оргинална затворена амбалажа, во суви простории, заштитени од сонце и атмосферски влијанија. Рок на употреба: 12 месеци.




АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk




Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата. Материјалот не е токсичен, но при ненадаен контакт, во случај да се контаминираат површини од кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Фугофил е незапалив прашок.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Фугофил се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk